Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
MINISTRIA E EKONOMISË
Бр.-Nr. 24-1211/10
01-08-2022 20 год.-viti
Скопје-Shkup

Трговско друштво за експлотација на природен камен
БИАНКО ХЕРАКЛЕА ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 038/22
03.08. 2022 год.
СКОПЈЕ 1

Врз основа на член 39 став (11) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија” бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.99/22), Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – мермер на Трговското друштво за експлоатација на природен камен БИАНКО ХЕРАКЛЕА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје на локалитетот „Самарница-2“ с.Небрегово, општина Долнени и општина Прилепбр.41-5830/1 од 20 јули 2022 година (Службен весник на Република Северна Македонија бр.167/22) и членот 23 од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „Самарница-2“ с.Небрегово, општина Долнени и општина Прилеп бр.24-5721/1 од 13.11.2014 година,

**1. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**застапувана од Министерот за економија**
**Kreshnik Bekteshi**
**(во натамошниот текст: концедент)**
**и**
**2. Трговското друштво за експлоатација на природен камен БИАНКО ХЕРАКЛЕА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје**
**со адреса: Булевар 8-ми Септември бр.3-3/ДП 4&5 Скопје - Карпош, Република Северна Македонија**
**застапувано од лицето Срѓан Крстиќ**
**(во натамошниот текст: концесионер)**

**на ден __________ 2022 година во Скопје, склучија:**

# А Н Е К С
# НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – МЕРМЕР НА ЛОКАЛИТЕТОТ „САМАРНИЦА-2“ С.НЕБРЕГОВО, ОПШТИНА ДОЛНЕНИ И ОПШТИНА ПРИЛЕП

## Член 1

Во Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „Самарница-2“ с.Небрегово, општина Долнени и општина Прилеп бр.24-5721/1 од 13.11.2014 година, членот 3 се менува и гласи:

**„Член 3**
**Рок на важење на концесијата**

Концесијата од член 2 на овој договор се доделува за период од 20 (дваесет) години“.

**Член 2**

Како почеток на важење на рокот од членот 1 од овој анекс на договор се смета денот на потпишувањето на овој анекс на договор.

**Член 3**

Овој анекс на договор е составен во седум (7) еднообразни примероци, од кои по 6 (шест) примероци за Концедентот и по 1 (еден) примерок за Концесионерот.

**Член 4**

Овој анекс на договор влегува во сила со денот на неговото потпишување и е составен дел на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „Самарница 2" с.Небрегово, општина Долнени и општина Прилеп бр.24-5721/1 од 13.11.2014 година.

**Член 5**

Сите останати одредби од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „Самарница-2" с.Небрегово, општина Долнени и општина Прилеп бр.24-5721/1 од 13.11.2014 година остануваат во сила, непроменети.

**За Концедентот**
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕР ЗА ЕКОНОМИЈА,**
**Kreshnik Bekteshi**

**За Концесионерот**
**Трговското друштво за експлоатација на природен камен**
**БИАНКО ХЕРАКЛЕА ДООЕЛ**
**увоз-извоз Скопје**
**Срѓан Крстиќ**

Изработил/Përpiloi: Fatmir Shaqiri
Контролирал/Kontrolloi: Кика Шпритова
m-r Jeton Kuçi
Одобрил/ Aprovoi: Florent Çiçe
Согласен/Miratoi: м-р Размена Чекиќ Дуровиќ